# Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје

**И З Ј А В А**

Изборната комисија за избор на најтранспарентно акционерско друштво котирано на Македонската берза АД Скопје имаше обврска да изврши избор на најтранспарентното котирано друштво на Македонската берза за 2008 година. Комисијата беше составена од претставници на берзата, комисијата за котација, институционалните инвеститори, брокерите и претставници на електронските и печатените медиуми.

Транспарентноста во работењето на котираните компании е предуслов за постоење на фер, транспарентен и ефикасен пазар на капитал. Берзанското тргување веќе е интегрален дел од инвестицискиот амбиент во Република Македонија, а транспарентноста на котираните компании, односно известувањата кои ги објавуваат преку електронскиот систем на известување на Македонската берза, имаат клучно влијание врз формирањето на сликата за работењето на компаниите и врз одлуките на инвеститорите за купување, продавање или чување на хартиите од вредност. Зголемениот интерес на домашни и странски, правни и физички лица за инвестирањето на Македонската берза во последните години го зголеми интересот за точни и навремени финансиски и нефинансиски ценовно чувствителни информации од котираните друштва, односно за поголема транспарентност на компаниите, со што се зголеми и општиот интерес на јавноста и медиумската покриеност на работењето на котираните друштва. Неколкугодишното присуство на приватните пензиски фондови и појавата на домашните инвестициски фондови дополнително го поттикна овој процес, а се зголеми и бројот на финансиски аналитичари кои вршат фундаментална анализа на финансиските извештаи на котираните друштва.

Изборната комисија би сакала да се заблагодари на Одборот на директори на Македонската берза за укажаната доверба, на Кандидационата комисија на квалитетно завршената работа и употреба на соодветни критериуми за селекција на 5-те котирани друштва кои беа во потесен избор и, воедно, да истакне дека, во текот на 2008 година е забележителен зголемениот квалитет на известување од котираните компании на Берзата.

Имајќи го предвид квалитетот на целокупното известување на јавноста во текот на 2008 година и, пред сé, значајниот напредок во транспарентноста во работењето, Изборната комисија одлучи за најтранспарентно котирано друштво на Македонската берза за 2008 година да го прогласи Алкалоид АД Скопје.

Истовремено, Изборната комисија едногласно заклучи да í искаже признание на Комерцијална банка АД Скопје, како добитник на наградата „Кристално ѕвоно за 2007 година", за задржаното високо ниво на транспарентност и во 2008 година.

Изборната комисија повторно истакнува дека Алкалоид АД Скопје е друштво кое заслужува да биде котирано на подсегментот Супер котација на Официјалниот пазар на Македонската берза, заради транспарентноста, квалитетот на објавените известувања и несомнените капацитети кои ги поседува. Комисијата ја користи оваа прилика да го поттикне Алкалоид АД Скопје да ги котира своите акции на подсегментот Супер котација, каде што компанијата реално припаѓа.

ул. "Орце Николов" бр.75 1000 Скопје, тел. 3122-055, факс 3122-069, Пош. фах 852
Е.Пошта: mse@mse.org.mk; http://www.mse.com.mk